Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 02.10.2022

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (01.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територија на град Скопје изречени се вкупно 196 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 42 санкции, 25 мерки за возење без возачка дозвола, 16 санкции за возење под дејство на алкохол.Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), три санкции за возач почетник, 10 санкции за нерегистрирани и технички неисправни возила...

На 01.10.2022 околу 09,45 часот пријавено е дека во Куманово, на ул. „Народна револуција" и бул.„3-та Македонска ударна бригада", патничко моторно возило „мерцедес" со кумановски регистарски ознаки, управувано од З.С.(54) од Куманово удрило во велосипедист Т.К.(70) од Куманово. По несреќата велосипедистот Т.К. бил пренесен во Општата болница Куманово, каде од лекар му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово.

На 01.10.2022 во 11,10 часот пријавено е дека на магистралниот пат А-3 Делчево-Македонска Каменица, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „опел корса" со штипски регистарски ознаки, управувано од П.Н.(68) од с.Турија, делчевско, и патничко моторно возило "голф" со регистарски ознаки од Македонска Каменица, управувано од В.Р.(56) од с.Тодоровци, Македонска Каменица. По несреќата, сопатникот во патничкото моторно возило „опел корса" Б.Н.(68) од с.Турија бил пренесен во Клиничка болница- Штип каде од лекар му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Делчево.

На 01.10.2022 во 08.00 часот во Полициска станица Аеродром А.Д.(66) од Скопје, пријавил дека на ул. Тоше Проески бил каснат од куче скитник.

На 01.10.2022 во 11.30 часот во Полициска станица Карпош Д.А.(85) од Скопје пријавил дека на ул.Иван Цанкар бил каснат од куче скитник.

На 01.10.2022 околу 23.55 часот пријавено е дека на магистралниот пат А-3 Штип-Делчево се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило ,,голф" со кочански регистарски ознаки, управувано од М.М.(34) од с.Облешево, патничко моторно возило „тигуан" со кочански регистарски ознаки, управувано од К.Ј.(27) од с.Мојанци и патничко моторно возило „ауди А4" со винички регистарски ознаки, управувано од Б.Ѓ.(34) од Виница. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на патничкото моторно возило ,,голф" М.М., а сопатниците во патничкото моторно возило ,,тигуан" С.Ј.(51) и Ж.Ј.(47) и двајцата од с. Мојанци се здобиле со телесни повреди, констатирани од лекар во Општата болница-Кочани. Увид на местото на настанот извршила екипа од ОВР-Кочани.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против Д.Б.(40) од село Моин, гевгелиско, поради постоење основи за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 07.05.2022, полициски службеници од ОВР Гевгелија извршиле претрес во куќата и помошните простории на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и вага со остатоци од марихуана.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.Н.(49) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 04.03.2022 во Велес, од страна на полициски службеници бил извршен преглед над пријавениот и бил пронајден и одземен хероин.

На 30.09.2022 во 14,00 часот на ул.Индира Ганди во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу моторцикл „сузуки" со скопски регистарски ознаки, управуван од Ф.К.(27) од Скопје, патничко моторно возило „опел инсигнија" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.М.(36) од Скопје, и товарно моторно возило „ивеко" со скопски регистарски ознаки, управувано од Т.В.(33) од Скопје. По несреќата Ф.К. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде од лекар му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 01.10.2022 во 17.50 часот полициски службеници од СВР Охрид го лишија од слобода И.Ѓ.(28) од Битола. При извршен преглед во угостителски објект на кеј „Македонија" во Охрид, полициските службеници кај него пронајдоа и одземаа 5 пашкаста материја, а при претрес извршен во хотелска соба каде престојува, пронајдена и одземена е марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово на 1 октомври во 17 часот и 25 минути, во продолжението од фудбалски натпревар Тетекс-Каменица Саса, го лишиле од слобода Н.А.(18) од Тетово, кој ја прескокнал оградата од главната трибина и физички го нападнал гостинскиот фудбалер Б.С.(38).од Пробиштип.Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 01.10.2022 околу 18,00 часот на подрачје на Бит Пазар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишени од слобода се Е.Д.(23) и Џ.И.(22), женско лице, двајцата од Скопје затоа што во 15.56 часот во СВР Скопје Р.Б.(26) од Скопје пријавил дека на кејот на реката Вардар, кај МТВ, му одзеле пари и му нанеле повреда со остар предмет. По извршениот претрес кај пријавените пронајден е нож и пари. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.
На 01.10.2022 околу 24 часот пред угостителски објект на подрачје на Центар од полициски службеници од СВР Скопје е лишена од слобода В.А.(21) од Скопје, затоа што физички нападнала полициски службеник при вршење на службена дејност. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 30.09.2022 од полициски службеници на Регионалниот центар за гранични работи Југ во соработка со Шумска полиција од Ресен во реонот на Полициска станица Маркова нога лишени од слобода се И.К.(36) од с.Аравати, ресенско и И.М.(69) од с.Аравати, ресенско поради основано сомнение дека вршеле нелегална сеча на дрва во близина на с. Арвати при што запленети се дрва и две моторни пили. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (02.10.2022) во 09:00 часот на Граничниот премин Деве Баир полициски службеници го лишија од слобода Н.П.С. (34) од Плевен, Република Бугарија. По претходно преземени оперативно тактички мерки од страна на СВР Скопје и добиени оперативни податоци од бугарските полициски служби, утврдено е дека Н.П.С. е сторител на повеќе кривични дела „измама" по чл.247 од КЗ. Имено, во периодот од 18.09 до 01.10. на подрачјето на СВР Скопје биле пријавени осум измами, при што од оштетените- повозрасни лица, тој успеал да одземе околу 40.000 евра и злато во вредност од околу 10.000 евра. Измамникот успевал оштетените да ги доведе во заблуда телефонски јавувајќи им се и кажувајќи им дека член на нивното потесно семејство наводно предизвикал сообраќајна несреќа, при што има загинато дете, и доколку сака да го спаси од одење во затвор, барал од оштетените поголема сума на пари.При извршениот претрес кај Н.П.С. се пронајдени 10.400 евра,картици за телефон,телефони и други предмети поврзани со кривичните дела. По документирање на случаите, ќе биде поднесена кривична пријава до надлежното обвинителство.

На 02.10.2022 во 02,00 часот пред угостителски објект во Градскиот парк во Скопје од полициски службеници од СВР Скопје е приведен Б.М.(19) од Скопје кој агресивно се однесувал кон полициските службеници кои вршеле службени дејствија и се обидел да го напушти местото на настанот. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.10.2022 во 20,50 часот во СВР Скопје, вработена во спортска обложувалница во населба Драчево, Скопје пријавила дека по претходна расправија помеѓу две лица, едниот од нив го скршил стаклениот шалтер во обложувалницата при што и нанел повреди, по што истите го напуштиле местото на настанот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.10.2022 во 15.00 часот пријавено е дека во Скопје на паркинг пред маркет на ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" се случила сообраќајна незгода во која учествувале патничко моторно возило „БМВ" со дипломатски регистарски ознаки, управувано од И.И.(50) од Украина, патничко моторно возило „голф" со скопски регистарски ознаки управувано од Б.Ѓ.(35) од Скопје и пешакот Д.А.(63) од Скопје. Во незгодата со повреди се здобила Д.А. констатирани од лекар во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР-Скопје.

На 01.10.2022 во 14.20 часот во Полициска станица Бит Пазар М.М.(53) од Охрид пријавил дека на подрачје на Чаир, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.10.2022 во 17.00 часот во Полициска станица Гази Баба е пријавено дека на подрачје на Гази Баба по претходно недоразбирање е нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу З.И.(46), А.И.(40), Х.В.(43) и А.В.(39) сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.10.2022 во 21.10 часот во Полициско одделение Шуто Оризари С.Б. пријавил дека на ул .Хаџи Јован Шишков во Шуто Оризари настанал пожар на празен дадилник со комора, сопственост на Џ.И.(64) од Скопје. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје. Повредени лица нема.
На 02.10.2022 во 01.00 часот во Полициска станица Кисела Вода Е.М.(43) и Л.А.(42) давјцата од Скопје, пријавиле дека на 01.10.2022 во 21.00 часот на подрачје на Кисела Вода нивните две деца биле физички нападнати со тврд предмет од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.10.2022 во 00.15 часот во Полициска станица Кисел Вода С.Ј.(19) од Скопје пријавил дека на ул. Пушкинова бил каснат од куче скитник.

На 02.10.2022 во 03.00 часот во Полициска станица Карпош, Б.Н.(34) од Скопје пријавил дека на 01.10.2022 околу 23.30 часот пред угостителски објект во Градскиот парк во Скопје, бил физички нападнат од А.В. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.10.2022 во 17.10 часот во Полициско одделение Јегуновце Љ.С.(35) од с.Прељубиште, тетовско пријавил дека неговиот син околу 16.30 часот на игралиште во с.Прељубиште бил физички напднат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (02.10.2022) во периодот од 04.00 до 08.00 часот од страна на Секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за униформирана полиција, спроведена е акциска контрола во областа на ловството. При контролата, на територија на СВР Струмица кај ловното место Миравци од У.С.(55) од с.Колково, валандовско одземена е ловна пушка за која немал дозвола.По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет